# Извештај од реализацијата на програмата за образование на Општина Делчево за 2025г

# И З В Е Ш Т А Ј З А Р Е А Л И З А Ц И Ј А Н А П Р О Г Р А М Т А З А О Б Р А З О В А Н И Е З А 2025 Г О Д И Н А

## I Вовед

Годишната Програма за образование за 2025 година е изработена од одделението за општи и правни работи а е донесена на 42-Седница на Совет на Општина Делчево на 26.12 2024 год.бр.09-2045 /1. Програмата е прва по ред.Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма се финансираат од сретства на Буџетот на Општина Делчево предвидени за 2025 година.Програмата за образование за 2025 година на Општина Делчево дефенира повеќе приоритетни активности од областа на образованието кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупното образование на Општина Делчево. Годишната Програма за образование за 2025 година претставува рамка во која се педвидуваат активностите насочени кон развој на образованието во Општина Делчево кое се одвива во три образовни институции и една детска градинка

### Законска основа на Програмата

Општина Делчево во остварувањето на својата надлежност од областа на образованието работи со важечката законска регулатива и подзаконски акти донесени на државно ниво и од локалната самоуправа,односно Програмата за образование на Општина Делчево за 2025 година произлегува почитувајки ги:

Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20)

Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016)

Законот за локална самоуправа („Сл. весник“ на РМ бр 5/2002),

Законот за еднакви можности на жените („Сл. весник“ бр. 201/15)

Статут на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021)

Правилникот за начинот, условите, кретириумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.1/2018 и бр.7/21), -

Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани (Сл. гласник на Општина Делчево бр.2/2018)

Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на парична помош (Сл.гласник на Општина Делчево бр.1/2023)

Одлука за доделување средства за инклузија на деца РОМИ во ОЈУДГ „Весели цветови“

други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија

**Анализа и реализирани активности**

Воспитно образовниот процес во Општина Делчево во учебната 2024/2025 година се реализира во три образовни интитуции и тоа во две централни основни училишта со седум подрачни училишта и еден средношколски центар.Во учебната 2024/2025 година вкупно запишани во трите образовни институции се 1269 ученици од кои 605 се машки и 664 женски а вкупниот број на наставен кадар и помошен персонал во училиштето се се 250 од кои 159 жени и 91 мажи. Во средното општинско училиште „Методи Митевски Брицо“ наставата се изведува во еден објект и една спортска сала и за учебната 2024/2025 година вкупно запишани се 320 ученика од кои 137 машки и 183 женски,број на ученици со проценка од МКФ се 1 , 1 женско број на лични асистенти 1 .

Вработени во училиштето се 59 од кои 15 машки и 44 женски.

Во основното општинско училиште „Ванчо Прке“ Делчево наставата се изведува во централното во еден објект и во двете подрачни училишта во село Ѕвегор во еден објект до петто одделение и во село Габрово во еден објект до петто одделение и за учебната 2024/2025 година вкупно запишани се 448 ученика од кои 234 машки и 214 женски вработени во училиштето се 74 од кои 30 мажи и 44 жени, број на ученици со проценка од МКФ во училиштето има 4 од кои 3 машки и 1 женско број на образовни асистенти 3 .Во основното општинско училиште „Св.Климент Охридски“Делчево наставата се изведува во централното во еден објект и една спортска сала и во подрачните училишта во село Стамер во еден објект наставата се изведува до петто одделение ,во село Град наставата се изведува до деветто одделение во еден објект ,наставата во село Вирче се изведува до петто одделение во еден објект ,во село Тработивиште наставата се изведува до деветто одделение во еден објект ,во село Разловци наставата се изведува до деветто одделение во еден објект за учебната 2024/2025 година вкупно запишани ученици 501 од кои 247 машки и 254 женски,вкупен број на ученици со проценка од МКФ 10 од кои 8 машки и 2 женски број на образовни асистенти 6 од кои 1 машки и 5 женски и една паралелка на ученици со попреченост во развојот .

Вкупен број на вработени во училиштето 117 од кои мажи 46 и 71 жени.

Покрај општинските училишта во Општина Делчево фунционира и детска градинка „Весели Цветови“.Во детската градинка 2024/2025 година се згрижени 323 деца од кои по национална припадност 305 Македонци ,Роми 16 и 2 Турци од кои 154 машки и 169

женски.Вработени во установата за 2024/2025 година има вкупно 54 од кои 54 Македонци и 2 Роми  или 47 жени и 7 мажи.Воспитно образовната дејност се одвива во еден објект, бидејќи се јавува проблем големината на листа на чекање за влез на дечиња во детската градинка за да бидат прифатени ,за таа цел Општина Делчево преку Министерствотото за труд и социјална политика се инвестира во изградаба на нова детска градинка која е завршена во 2025 година останува партнерно уредување и опремување на градинката со потребниот мебел,опрема и дидактички материјали за наставниот процес со пуштањето на новата детска градинка  треба да  се анулира листата на чекање и да овозможи современи услови за згрижување на дечињата и за воспитно образовниот процес што значи инвестиција во раниот детски развој.Новата детска градинка е на локација во населбата Расадник  и која инвестиција е вредна 60 милиони денари и е со капацитет од 130 дечиња.

Раелизацијата на Програмата за обаразование на Општина Делчево за 2025 година се засноваше на две цели и тоа општа цел и специфични цели.Општа цел на Програмата го стимулираше напредокот на образовниот процес  за да ги мотивира учениците за постигнување на високи резултати во образованието.

Реализирани специфични цели на Програмата се:

- **Стимулирање на учениците и учиничките за унапредување на нивните знаења.**
- **Обезбедување еднакви образовни можности за момчиња и девојчиња.**
- **Унапредување на наставниот процес,вонннаставните и слободните активности во основните училишта и квалитетна реализацијана наставниот план и програма и обезбедување на нставниот план и програма и обезбедување квалитет и професионален развој на наставниците и воспитувачите.**
- **Вонннаставни активности во насоки на негување на културата и натрадицијата кај учениците/чките.**

- **Стимулирање на учениците и учиничките за унапредување на нивните знаења**

Општина Делчево согласно Програмата за образование за 2025 година на Општина Делчево како стимул  со воведувањето на нова  мерка од 2020 година за подршка на родителите чие дете го започнува образовниот процес во општинските основни училишта во двете основни централни училишта и седум подрачни училишта  на територијата на  Општина Делчево во износ од 3000 денари за секое запишано прваче и за учебната 2024/2025 година по поднесено барање до општината  беше исплатено на трансакциона сметка на родителите на ученикот.За учебната 2024/2025 година до општината беше поднесено 106 барања за кој беше исплатено 318.000 денари .

Согласно Програмата за образование за 2025 година на Општина Делчево донесена на Совет на Општина Делчево бр.09-2024/1 од 26.12 2024 година Градоначалникот формира  комисија  бр.08-83/1 од 15.01 2025 година  за објавување на конкурс  и за доделување на 19 ученички стипендии  и тоа во три категории 18 стипендии  во две категории на одлични ученици  од втора,трета и четврта година и една категорија на ученици со попреченост од прва,втора,трета и четврта година од СОУ„ММБрицо“Делчево која стипендија за прв пат се воведе во 2025 година.Ученичките стипендии во СОУ„ММБрицо“  се даваат во две категории и тоа во првата категорија на  10 ученици од социјално ранлива категорија во износ од

1500 денари по ученик за 9 месеци почнувајки со исплата од месец Јауари и 8 ученички стипендии за одлични ученици кои постигнале особено висок успех од 2000 денари по ученик за 9 месеци почнувајки со исплата од месец Јауари и една стипендија за ученици со попреченост во износ од 1500 денари за 9 месеци почнувајќи со исплата од месец Јануари.

Комисијата по утврдување на критериумите за трите категории и согласно записникот бр.081-96/2 од 24.01 2025 година го објави конкурсот на страната на општина Делчево и на огласна табла во општина Делчево со утврдени критериуми и потребната документација за трите категории во времетраење од 15 работни дена.

По завршувањето на објавениот конкурс на 03.04 2025 година Комисијата за доделување на ученички стипендии се состана и направи избор согласно критериумите и доставената документација и состави Записник бр.08-83/2 од 03.04 2025 година за добитници на 18 ученички стипендии во две категории во првата категорија од 10 стипендија добија 8 ученици додека 2 ученика не ги исполнуваат условите согласно дадените критериуми, во втората категорија стипендија добија 8 ученици во третата категорија немаше поднесено ниту едно барање за добивање на стипендија на ученици со попреченост .

Врз основа на член 50 и член 53 од Законот за локална самоуправа(„Сл.весник на РМ,бр.5/02) и Програмата за образование на Општина Делчево за 2025 година („Службен гласник на Општина Делчево бр.1/2025 година“) а согласно Записникот бр.08-83/2 од 03.4 2025 година на Комисијата за доделување на ученички стипендии од СОУ„ММБрицо“ Делчево Градоначалникот донесе Решенија за 16 добитници на ученички стипендии.Врз основа на Програмата за образование за 2025 година на Општина Делчево бр.09-2024 /1 од 26.12 2024 година Градоначалникот формира комисија за доделување на 4 студентски стипендии во две категории на редовни студенти од сите студиски години освен прва(1) година на студенти кои студираат на државните универзитети во Р.С.Македонија а се жители на Општина Делчево и тоа: прва категорија за студенти од социјално ранливи семејства и висината на стипендијата изнесува по 2000 денари месец исплатата ке се врши за девет(9) месеци почнувајки од месец Јануари и втора категорија за студенти со постигнат особено висок успех и висината на стипендијата е 3500 денари по месец за (9) девет месеци почнувајќи од Јануар месец.Комисијата по изготвените критериуми и потребните документи го објави Конкурсот на 22.01 2025 година кој траеше 15 работни дена до 11.02.2025 година. По доствената барана документација Комисијата се состана на 13.02 2025 година .

изврши избор на добитници на студентски стипендии .За објавените 4 стипендии во две категориии барање поднеле двајца студенти во втората категории, во првата категорија нема поднесено ниту едно барање .

Врз основа на член 50 и член 53 од Законот за локална самоуправа(„Сл.весник на РМ,бр.5/02) и Програмата за образование на Општина Делчево за 2025 година („Службен гласник на Општина Делчево бр.1/2025 година“) а согласно Записникот бр.Сл.од 14.02 2025 година на Комисијата за доделување на студентски стипендии Делчево Градоначалникот донесе Решенија бр.08-1078 од 29.04 2025 година за

добитници на две студентски стипендии во втората категорија категорија на студенти кои постигнале особен висок успех во студирањето.

Како стимулативна мерка за најдобрите 10 матуранти за учебната 2024/2025 година во СОУ„ММБрицо“ Делчево е наградно патување до европска дестинација и по избор на матурантите ,буџетот за тоа износува 300.000 денари кои општина Делчево го издвојува од сопствениот буџет за кој се поведе постапка за избор на 10 најдобри матуранти.Од општина Делчево се поднесе барање бр.23-1117/1 од 05.05 2025 година и до Дирекоторот на СОУ„ММБрицо“ да се изврши постапка за избор на 10 најдобри матуранти и за избор на првенец на генерацијата за учебната 2024/2025 година .По извршениот избор до општина Делчево беше доставено Одлука бр.03-378/1 од 16.05 2025 година од СОУ„ММБрицо“ Делчево и бр23-1117/2 од 16.05 2025 година од Општина Делчево за избор на 10 најдобри како и првенец на генерацијата .За кој Градоначалникот на Општина Делчево изготви Решение бр.23-1117/3-7 од 16.05 2025 година. По изготвување на Решение за најдобрите 10 матуранти општина Делчево објави јавна набавка за изведување на патувањето за која се спроведе оглас за јавна набавка од мала вредност бр.22-1485/3 од 26.06 2025 година најповолен за јавната набавка по критериум беше економскиот оператор „Туристичка Агенција Авиотурс травел сервис“ бр.0307/224 09.07 2025 година. Наградното патување се состои од студиска посета на Малага Шпанија .Петдневното патување со авион беше изведено од 03.08 2025 година до 07.08 2025 година со авион од Софија Република Бугарија до Малага Шпанија и обратрно а учениците од Делчево до аеродромот до Софија и обратно се пренесени со превоз од економски оператор„ Муци Транс“ со кој има склучено договор за јавна набавка бр.22-1337/7 од 30.06 2025 година од Општина Делчево и бр.10/25 од 02-07 2025 година од „Муци Транс“ Делчево.
Општина Делчево доделува 3 стипендии за првенци на генерацијата од двете општински основни училишта и од средното општинско училиште во Општина Делчево.До трите општински училишта од општина Делчево поднесе барање бр.23-1117/1 од 05 05 2025 година и бр.03-378/1 од 16.05 2025 година за избор на првенц на генерацијата во СОУ„ММБрицо“ Делчево најдоцна до 15 мај а со бр.03-240/2 од 12.06 2025 година од ООУ„Ванчо Прке“Делчево и бр.23-1320/3 од 13.06 2025 година и бр.08-273/2 од 17.06 2025 година од ООУ„Св.Климент Охридски“ Делчево од Општина Делчево во општинските основни училишта најдоцна до 10 јуни која постапка ја вршат училиштата врз основа на интерен Правилник и по избор на првенец на генерацијата по завршената постапка за избор доставуваат известување до Општина Делчево со кој Градоначалникот изготвува решение за стипендија со кое стипндиите се исплаќаат во износ од 3000 денари за 9(девет) месеци за првенец на генерацијата од СОУ„ММБрицо“ Делчево и по 2000 денари 9(девет) месеци за првенец на генерацијата во општинските основни училишта ООУ „Ванчо Прке“ и ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево.

Врз основа на Правилникот за доделување на награди и признанија на Општина Делчево предвидено е доделување на награда на ученици од основно и средно образование кои во поединечна категорија освоиле прво,второ или трето место на државни натпревари организирани од лиценцирани институции од МОН (Министерство за образование и наука или БРО(Биро за развој на образованието) ,барањата се доставуваат до 31 Декември во тековната година.До Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево која е формирана од Градоначалникот со бр.08-2467/1 од 05.11 2025 година се доставени Барања бр.08-2815/1 од 05.12 2025 година и бр.08-2814/1 од 05.12 2025 година за кој Комисијата се састана на 30.12 2025 година и састави записник по кој Градоначалникот со Решение бр08-2815/2 од 31.12 2025 година и Решение бр.08-2814/2 од 31.12 2025 година за доделиување на награди на учениците за освоено место на државно ниво.

**Обезбедување еднакви образовни можности за сите ученици/чки**

По повод Меѓународниот ден на Ромите 8 ми Април во рамките на трите образовни институции во Општина Делчево, Општина Делчево за најдобрите ученици Роми доделува еднократна парична награда од двете основни општински училишта „Ванчо Прке“ и „Св.Климент Охридски“ Дечлчево и тоа во висина по 5000 илјади денари по ученик и за најдобриот средношколец ром 10 000 илјади денари од СОУ„ ММ Брицо“ Делчево.Овие парични награди за најдобрите ученици Роми во Делчево се доделуваатсо предходна постапка со поднесување Брање до општинските основни училишта како и до средното општинско училиште за избор на најдобар ученик Ром .До ООУ„Ванчо Прке“ бр.23-732/1 од 24.03 2025 година од Општина Делчево,до ООУ„Св.Климент Охридски“ бр.23-732/2 од 24.03 2025 година По направениот избор е доставено известување бр.03-130/2 од 26.03 2025 година од ООУ„ Ванчо Прке “ Делчево до Општина Делчево за кој Градоначалникот изготви Решение бр.23-732/3 од 02 .04 2025 година за еднократна награда од 5000 денари, до СОУ„ММБрицо“Делчево доставено барање бр.23-732/2 од 27.03 2025 година и известување од училиштето бр.03-210/3 од 27.03 2025 година за кој Градоначалникот донесе Решение бр.08-899/2 од 07.04 2025 година за доделување на еднократна награда од 10.000 денари .

Со цел поголем опфат на инклузија деца Роми во јавните општински установи-детски градинки од 3до 6 години кои се во социјален ризик во претшколско образование и обезбедување еднакви образовни можности во раниот детски развој и нивна социјализација Општина Делчево во соработка со Министерство за труд и социјална политика на Р:С.Македонија во детска градинка „Весели Цветови“ Делчево во учебната 2024/2025 година се згрижени 15 деца Роми.Целта на проектот кој се реализира 18 години е отстранување на постоечките бариери за пристап до предучилишните установи на деца Роми и е предвидено во Програмата за образование на Општина Делчево донесена на Совет на Општина Делчево бр.09-2024/1 од 26.12 2024 година . Согласно Програмата за образование на Општина Делчево за 2025 година е прдвидено и една стипендија во износ од 1500 денари за 9 месеци за ученици со попреченост во развојот од прва ,втора трета и четврта година во СОУ„ Методи

Митевски Брицо“ Делчево,по која на распишаниот конкурс немаше ниту една апликација.

Инклузија на ученици со попреченост

Трансформацијата на специјалните училишта во центри за подршка,каде што главна улога имаат образовните асистенти е неопходна промена во образовниот систем за деца со попреченост да го остварат правото на еднаква можност за образование .
Во општинските основни училишта и во средното општинско училиште за учебната 2024/2025 година со проценка од МКФ во ООУ„ Ванчо Прке“Делчево се 4 ученика од кои 3 машки и 1 женско и број на образовни асистенти 3 ,во ООУ„Св.Климент Охридски“Делчево со проценка од МКФ се 10 машки 8 и женски 2 ангажирани се 9 образовни асистенти и една паралелка со посебни потреби.Во СОУ„Методи Митевски Брицо“Делчево број на ученици со проценка од МКФ се 1 женско и број на лични асистенти 1.

**Подобрување на квалитетот на образовниот процес**

Наставниот кадар во образовните институции како и воспитачкиот кадар од детската градинка во Општина Делчево со цел едукација и следење на новините во областа на образовние и воспитување за учебната 2024/2025 година се во постојана соработка со Министерството за образование и наука на Р.С.Македонија Бирото за развој на образованието како и со Министерството за труд и социјална политика на Р.С. Македонија.

- Осовременување на образовниот процес .

Во учебаната 2024/2025 година во СОУ„ММБрицо“ Делчево е извршена реконструкција на наставничката канцаларија како и две помошни канцаларии во училиштето направена е набавка и монтажа на завеси (ролно завеси) во сите училници и канцаларии ,извршена е набавка на наставни и образовни помагала.Преку ЕРАЗМОС проектот од стручните паралелки во училиштето 10 ученики имаа свој престој во Стара Загора во Република Бугарија од 26.05 до 07.06 2025 година и 10 ученика свој престој имаа во Португалија од 16.03 до 28.03 2025 година.

Во ООУ„Ванчо Прке “ Делчево е изготвен Проект за хидрантска мрежа надворешна и внатрешна.Во соработка на училиштето со Регионалниот центар за застапување е изготвен проект за одгледување на автохтони семиња..
Во ООУ„Св.Климент Охридски“Делчево во учебната 2024/2025 година е извршена набавка за потребите на училиштето 8 броја лаптопи и 5 броја клима уреди. Со цел обезбедување современи услови и згрижување на дечиња во населбата Расадник Општина Делчево во соработка со Министерство за труд и социјална политика на Р.С. Македонија во 2025 завршени се градежните работи на новата детска градинка со капацитет од 130 дечиња остануваат да се заврши партнерното опремување и опремување со мебел и дидактички материјали .Со отварањеето на новата детска градинка ке се анулира листата на чекање и ќе се обезбеди прием на сите дечиња со што директно ќе се влијае врз раниот детски развој и ќе се обезбеди навремена и стручна и воспитно- образовна дејност

**Воннаставни активности и негување на традицијата и културата кај учениците/чките**

Учениците од трите општински образовни институции како и децата од предшколска возраст од детската градинка се вклучени во воннаставни активности за одбележување на значајни кулурно историски одбележја во Општина Делчево како општински така и државни во активностите . Активностите од областа на културните настани се тесно поврзани со Програмата за култура на Општина Делчево за 2025 година.

- Во рамки на кампањата „Патуваме безбедно“ која се спроведуваше за време на летниот период, во текот на месецот август во организација на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и ЈЛБ „Илинден“ во градскиот парк во Делчево беше одржана работилница на тема „Безбедно во сообраќајот со велосипед и тротинет“. На оваа работилница учествуваа 34 деца (17 женски/15 машки). Тие дојдоа со сопствен велосипед или тротинет и заштитна опрема за истите и со практични вежби и совети учеа како правилно да возат велосипед и тротинет, а со тоа и безбедно да се движат во сообраќајот.

- На почетокот на учебната 2025/2026 година во рамки на кампањата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево „Се движиме безбедно“ во двете основни училишта и детската градинка во Делчево беа одржани едукативни предавања од областа на сообраќајот во кои учесвтуваа:

    - Од детската градинка „Весели Цветови“ – 62 деца
    - Од ООУ „Ванчо Прке“ - 54 ученици
    - Од „Св.Климент Охридски“ – 120 ученици

  - Во рамки на истата кампања првачињата беа тестирани со тестови „ПРЕД“ каде тестовите беа пополнети од страна на 81 прваче.

  - Во активноста за одбележување на Денот за сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди одржана во текот на месецот ноември – показна вежба за спасување на лице повредено во сообраќајна незгода учествуваа околу 35 средношколци од втора и трета година од гимназијата.

# V Табеларен приказ на активностите и индикатори

| 1. **Специфична цел 1 Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на знаењето** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет и временска** | **Временска рамка** |
| 1.Еднократна парична помош за сите првачиња | Целта е да се даде поддршка на родителите кои ќе ги запишат своите деца во прво одделение во делчевските основни училишта и мотивирање на родителите да ги запишуваат своите првачиња во делчевските училишта. | -Број на поднесени пријави за ЕПП;<br>- Број на исплатена ЕПП 106<br>-бр.на запишани првачиња 106<br>Машки 52<br>Женски54 | Советник за образование, Одделение за општи и правни работи, основни училишта, | 106х 3.000 ден/<br>**318.000 ден**. | Септември/ноември 2024 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 2.награди за постигнати резултати за прво, второ и трето место на државни и меѓународни натпревари | Со цел да се награди трудот и резултатите на учениците кои постигнале значајни резултати, прво, второ и трето место на државни и меѓународни натпревари, О.Делчево доделува парични награди на учениците/чките . | - 2 наградени ученици/чки<br>1 ученик<br>1 ученичка<br>Машки 1 женски1<br>За освоени втори места на државен натпревар сертифицирани од МОН<br>Географија<br>Италјански јазик | Одд. за општи и правни работи, училишта | 2x10.000<br>**20.000** денари | 31.12 2025 година |
| 3.награда за првенци/ки на генерацијата | Награди за вложениот труд за постигнување одлични резултати во образованието и поттик за понатамошни успеси | -бр на доделени стипендии за пренци на генерацијата<br>1(една) ООУ„Ванчо Прке“<br>1 X 2000 ден X 9 месеци = 18 .000 д.<br>1(една) ООУ„Св.Климент Охридски<br>1x 2000 ден x 9 месеци= 18.000 д<br>1(една) СОУ„ММБрицо“.<br>1x3000 ден.x 9 месеци=2.7000 д.<br>Вкуоно 63000 денари<br>Машки 0 женски 3 | Советник за образование, Одд.за општи и правни, училишта | 2X18.000<br>1X27.000<br>Вкупно **63.000 денари** | учебната 2024/25<br>исплата за 9 месеци |
| 4.10 стипендии за одлични ученици/чки во СОУ: одлични ученички и ученици кои | Поддршка на одлични средношколци и поттикнување за | Бр на апликации по објавени конкурси 18<br>по распишаниот конкурс за | Советник за образование, Комисија за ученички стипендии, СОУ | 8X1.500 (9месеци) Вкупно | 9 месеци во учебната 2024/2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| доаѓаат од семејства со ниски приходи и<br>8 стипендии за одлични ученички и ученици кои постигнале особен успех во образованието | постигнување понатамошни успеси | доделување на една(1) стипендија за ученици со попреченост нема поднесено барање од ученици.<br>Бр на стипендисти во 2-те категории 16<br>2 не ги исполнуваат условите<br>Машки 0 женски 16 | | **108.000ден.**<br>8X2.000 (за 9месеци) 144.000<br>**Вкупно**<br>**252.000 денари** | |
| 5.2 стипендии за студенти кои студираат на државните факултети во државава: за студенти кои доаѓаат од семејства со ниски приходи и за студенти кои 2стипендии кои постигнале особено висок просек | Поддршка на талентирани студени | Бр на апликации по објавени конкурси<br>2 (две)<br>Бр на стипендисти во 2-те категории<br>Во втора категорија 2<br>машки 1<br>женски 1 | Советник за образование, Комисија за студентски стипендии | 2X3.500ден. 9x3500ден= 63.000<br>( за 9 месеци)<br>**Вкупно 63.000 ден** | 9 месеци во учебната 2024/2025 |
| 6. Наградно патување на 10 маутранти од СОУ„ММБрицо“Делчево | Награда за најдобрите 10 матуранти од СОУ„ММБрицо“ Делчево патување до Малага Шпанија | Бр.на најдобри матуранти 10 распишана јавна набавка од мала вредност од Општина Делчево бр.22-1485/3 од 26.06 2025 година .најповолен понудувач изберен Авиотурс травел сервис<br>понуда Малага Шпанија 5(пет)ден спроведен од 03.08 до 07.08 2026 г<br>машки 0<br>женски 10 | Советник за образование, Комисија за избор на најдобрите матуранти од СОУ, Одд за општи и правни | **300.000ден** | Мај/Август2024/ 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Стипендија за ученик/чка со попреченост во СОУ | Поддршка за ученик/чка со посебни потреби во СОУ за постигнати резултати во образовниот процес | Бр на доделени стипендии (м/ж)<br><br>Нема доделена стипендија<br>нема барање за стипендија | О. Делчево, СОУ | | |
| Финансиска поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари по претходно поднесено барање од ученикот/чката. | Барањето се проследува во Советот кој во зависност од државата каде што се одржува натпреварот донесува одлука за доделување парични средства за учество на меѓународен натпревар. | Бр на поднесени барања (м/ж)<br><br>0 | О. Делчево Совет на О. Делчево | | континуирано |

| **Специфична цел 2 Обезбедување еднакви образовни можности за сите деца.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **Рок на реализација** |
| Награди за најдобри ученици Роми | Поттикнување на ученици/чки Роми за постигнување подобри резултати во образованието и награда за досега постигнатите резултати за најдобрите ученици/чки Роми по повод Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април | Бр на доделени награди 3<br>Машки 1<br>женски 2 | О. Делчево, советник за образование,<br>Училишта | 2x5.000 ден<br>1x10.000 ден<br>**Вкупно:20.000 ден** | Април 2025 |
| Инклузија на ученици/чки со попреченост во образованиот процес | - со цел инклузија на учениците/чките со попреченост во наставниот процес | Бр на вклучени ученици/чки со посебни потреби во образовниот процес<br>ООу„Ванчо Прке“ 4 ученика<br>Машки 1Женски 3<br>образовни асистенти 3<br>ООУ„Св.Климент Охридски“<br>10 ученици<br>машки 8<br>женски 2<br>образовни асистенти 6<br>посебна паралелка 1<br>СОУ„ММБрицо“ 1 ученик<br>1 личен асистент | О. Делчево, советник за образование, училишта | | Континуирано<br>во 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка за обезбедување туторска настава за ученици/чки Роми по предметите македонски, математика и англиски јазик за 2,3,4 и 5 одд. | Со цел да се помогне на учениците од ромнска националност за постигнување подобри резултати во наставниот процес, О.Делчево ќе даде поддршка за воведување туторска настава по основните предмети: македонски ј.,математика и англиски ј. | Бр на ученици/чки кои посетуваат туторска настава. (м/ж), бр.на ангажирани наставници, бр на одржани часови и постигнати резултати. | О.Делчево, училишта, НВО и МОН | донации | Континуирано во 2025 |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активно учество во активности за поголема безбедност во сообраќајот организирани од ОСБСП | Со цел едукација на учениците/чките од основното и средното образование за поголема безбедност во сообраќајот во соработка со Општина Делчево, образовните институции, детските градинки и ОСБСП во текот на учебната година ќе се спроведуваат активности кои опфаќаат теоретски дел и практичен дел | Број на реализирани активности;<br><br>Бр на учесници/чки вклучени во активностие Во рамки на истата кампања првачињата беа тестирани со тестови „ПРЕД“ каде тестовите беа пополнети од страна на 81 прваче.<br><br>- Во рамки на кампањата „Патуваме безбедно“ која се спроведуваше за време на летниот период, во текот на месецот август во организација на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и ЈЛБ „Илинден“ во градскиот парк во Делчево беше одржана работилница на тема „Безбедно во сообраќајот со велосипед и тротинет“. На оваа работилница учествуваа 34 деца (17 женски/15 машки). Тие дојдоа со сопствен велосипед или тротинет и заштитна опрема за истите и со практични вежби и совети учеа | ОСБСП; образовни институции | | Од септември 2025 год.<br><br>континуирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | како правилно да возат велосипед и тротинет, а со тоа и безбедно да се движат во сообраќајот. | | | |
| Бесплатно згрижување на децата Роми во претшколско образование во детска градинка „Весели Цветови“ | Со цел поголем опфат на децата Роми во претшколско образование од 3-6 години и обезбедување еднакви образовани можности и во раниот детски развој | Бр на деца 15 Роми опфатени во претшколско образование од 3-6 години | МТСП, Општина Делчево | 15 Х 1500 ден х12 месеци<br>**270,000 ден**. | 12 месеци во 2025 год |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |

| **Специфична цел 3 Подобрување на квалитетот на образовниот процес** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерки** | **Активности** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | Временски рок |
| 1.обуки за наставен кадар и кадарот во детските градинки | .со цел следење на новините во образованието и воспитно-образовниот процес во детските градинки, овозможување квалитетна настава, наставниот кадар од сите образовни институции согласно планот на училиштата посетуваат соодветни обуки. | | Училишта, наставен кадар, МОН, БРО и други донатори | . | Во текот на учебната 2024/2о25 год. |
| осовременување на образовниот процес и условите во училиштата-планирани реконструкции (набавка и примена на нови образовни средства во | Со цел осовременување на условите за одвивање на наставата се врши реконструкција на објектите каде се одвива наставниот процес и редовна набавка на потребните средства за | Соу„ММБрицо“ Делчево<br>Бр на реконструкции/ инвестиции Реконструкција на наставничка канцаларија и две помошни канцаларии .Набавка на наставни и образовни помагала. | Училишта, МОН, Општина Делчево | | Континуиран о<br>2025 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| кабинетите, реконструкција на тоалети, училница и сл) | наставата и дидактички средства | ООу„Ванчо Прке“<br>Изготвен проект Хидрантска мрежа надворешна и внатрешна,Проект за одгледување на авхтотони семиња.<br>ООУ„Св.Климент Охридски“набавени 8 лаптопи и 5 клими | | | |
| Партерно уредување и опремување на новата детска градинка | Обезбедување услови за прием на дечиња во новата детска градинка | | Општина Делчево | 6.000.000ден | Во текот на 2025 год. |

| **4. Специфична цел бр 4 Вонннаставни активности** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни** | **Буџет** | **Временска рамка** |
| Вклучување на учениците/чките и дечињата од детската градинка во настани и активности за одбележување на значајни историски настани и промоција на културното наследство согласно со Програмата за култура за 2025 на Општина Делчево и | Со цел негување на традицијата, запознавање на младите со настани и обичаи кои се дел од колективната меморија на граѓаните/ките на Делчево, активно учество на учениците/чките и дечињата од претшколско | Бр на учесници/чки во активностите<br>Бр на одржани настани<br>По повод немилиот настан во Кочани на 16 март одложени беа настаните<br>Априлијада<br>Велигденски изложбени творби<br>Ден на Ромите<br>По повод 149 години од | Советник за образование, училишта, донатори, | | Континуирано во 2025. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Програма за односи со јавност и промоција на Општина Делчево. Посебно учество на учениците/чките од прехранбената насока во СОУ, со цел промоција на нивните кулинарски вештини и презентација на успесите. | образование во настаните: Априлијада (ден на шегата)<br>-Велигденска изложбана творби<br>-Ден на Ромите<br>-Разловечко востание<br>-Одбележување на ослободувањето на Делчево,<br>Пијанечко-малешевска свадба. | Разловечкото востание одржан настан во селото Разловци број на учесници од училиштата 60<br>35 женски 25 машки<br>По повод ослободувањето на Делчево учесници во Програмата зедоа 20 ученици од кои 10 машки 10 женски учесници<br>Во активностите во настанот Пијанечко малешевска свадба свое учество зедоа 25 ученици<br>10 машки<br>15 женски | | | |
| Вклучување на учениците/чките во активности по повод Денот на Европа | Одбележан 9 мај 80 години од победата над фашизмот и 75 години од денот на Европа полагање на свежо цвеќе | Бр на учесници/чки<br>10<br>машки 5 женски 5 | Советник за образование, Комисија за култура, ученички заедници | **1.000 ден** | Континуирано 2025 год. |
| | | | | | |

**Планирани расходи за реализација на**

**Програмата за образование во Општина Делчево за 2026 година**

| **Реден бр.** | **Активност** | **Планирани средства во Буџетот** | **Буџетска програма** |
|---|---|---|---|
| 1. | Еднократна парична помош за првачиња | 318.000денари+персонален данок | D0 |
| 2. | Награда за првенци/ки на генерацијата | 63.000ден.+персонален данок | D0 |
| 3. | Стипендии за одлични ученици/чки во СОУ во две категории | 252.000ден. +персонален данок | D0 |
| | | | |
| 4. | Стипендии за студенти кои се школуваат на државните универзитети во 2 категории | 63.000ден+ персонален данок | D0 |
| 5. | Наградно патување за 10 најдобри матуранти | 300.000ден. | A0 |
| | | | |
| 6. | Награди за постигнати резултати на државни и меѓународни натпревари | 20.000ден. +персонален данок | D0 |
| | | | |
| 7. | Награди за најдобри ученици Роми | 20.000ден. +персонален данок | D0 |
| 8. | Бесплатно згрижување деца Роми во претшколско образование | 268.200ден. (МТСП и ЕЛС) | D0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Вонnаставни активности | 1000 ден. | G1 |
| 10. | Партерно уредување на новата детска градинка во нас. Расадник и набавка на опрема | 6.000.000ден. | VA |
| | | | |
| 11. | Вкупно | 7.305.200 ден. | |